Арх.бр./Nr.ark. 15-4460/4
Дата/Data: 20-11-2025

Врз основа на член 70 став 1 од Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), а во врска со член 2 став 2, 3 и 4 од Правилникот за начинот на спроведување на прекугранични консултации ("Сл.весник на РМ" бр. 110/10), Министерот за животна средина и просторно планирање, донесе:

**ОДЛУКА**

**за потребата од спроведување на прекугранични консултации за Планот за енергија и клима на Република Северна Македонија 2025-2030 година и Нацрт Извештај за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на Планот за енергија и клима на Република Северна Македонија 2025-2030 година со Република Албанија, Република Бугарија, Република Грција, Република Косово и Република Србија**

1. За Планот за енергија и клима на Република Северна Македонија 2025-2030 година и Нацрт Извештај за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на Планот за енергија и клима на Република Северна Македонија 2025-2030 година, потребно е да се спроведе прекугранични консултации со Република Албанија, Република Бугарија, Република Грција, Република Косово и Република Србија.
2. Министерството за енергетика, рударство и минерални сурови, согласно член 70 од Законот за животна средина, е должно во рок од 15 дена од приемот на оваа Одлука да ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање следните документи на англиски јазик:

а) Планот за енергија и клима на Република Северна Македонија 2025-2030 година;

б) Нацрт Извештај за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на Планот за енергија и клима на Република Северна Македонија 2025-2030 година.

3. Министерството за животна средина и просторно планирање е должно преку Министерството за надворешни работи, документите од точка 2 на оваа Одлука, заедно со поканата за учество во прекугранични консултации за планскиот документ Планот за енергија и клима на Република Северна Македонија 2025-2030 година и Нацрт Извештај за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на Планот за енергија и клима на Република Северна Македонија 2025-2030 година да ги достави до:

- Министерство за туризам и животна средина на Република Албанија;
- Министерство за животна средина и води на Република Бугарија;
- Министерство за животна средина и енергија на Република Грција;
- Министерство за животна средина, просторно планирање и инфраструктура на Република Косово; и,
- Министерство за заштита на животната средина на Република Србија.


Министерство за животна срединаи просторно ланирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësor dhe Planifikimit hapësinore e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

4. Одлука за потребата од спроведување на прекугранични консултации за Планот за енергија и клима на Република Северна Македонија 2025-2030 година и Нацрт Извештај за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на Планот за енергија и клима на Република Северна Македонија 2025-2030 година со Република Албанија, Република Бугарија, Република Грција, Република Косово и Република Србија се објавува на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Образложение

Министерството за енергетика, рударство и минерални сурови со допис бр. 08-1135/2 од 10.03.2025 година, достави Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина на Националниот план за енергија и клима од 2025 до 2030 година и Формуларот за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена, а со допис бр. 08-5036/3 од 04.11.2025 и дополна бр. 08-5247/1 од 14.11.2025, достави и Нацрт Извештај за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина за Планот за енергија и клима на Република Северна Македонија 2025-2030 година.

По разгледување на понапред наведени документи и Известувањето од Министерството за енергетика, рударство и минерални сурови, Министерството за животна средина и просторно планирање утврди дека донесувањето на Планот за енергија и клима на Република Северна Македонија 2025–2030 година може да предизвика значајни влијанија врз животната средина, кои може да ја засегнат територијата на соседните држави. Поради природата и обемот на мерките во планот (енергетски капацитети, обновливи извори, инфраструктура, климатски политики), постои обврска за спроведување прекугранична консултативна постапка.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 10 од Законот за ратификација на Протоколот за стратегиска оценка на влијанието врз животната средина ("Сл.весник на РМ" бр. 120/13), член 70 став 1 од Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), и член 2 став 2, 3 и 4 од Правилникот за начинот на спроведување на прекугранични консултации ("Сл.весник на РМ" бр. 110/10), се одлучи како во диспозитивона оваа одлука.

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
Ане Лашкоска

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Shkup

Изработил/Përpiloi: Zariye Abazi
Контролирал: Дајана Марковска Ристеска
Одобрил/Miratoi: Nebi Rexhepi


Министерство за животна срединаи просторно лanирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësor dhe Planifikimit hapësinore e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk